СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Седумдесет и седмата седница

на Собранието на Република Македонија, одржана на

14 октомври 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ни остана точката 23 - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.**

Претресот по текстот на Прелдогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија, Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеника, 84 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,15 часот).